# Упатство за инсталација на CA133

## 1. Поврзување:




### 1.1 Нормален режим на работа

При самото вклучување на напојување управувачот автоматски се префрлува во нормалниот режим на работа при што можеме да ги прегледуваме веќе нагодените параметри. На копчето List се излистуваат екраните за приказ на нагодените параметри. Кога управувачот се наоѓа во нормален режим не можеме да ги менуваме параметрите, за тоа е потребно да се пристапи во режимот на подесување.

### 1.2 Сетирање – режим на подесување

За влез во режим на подесување го притискаме и задржуваме копчето SET околу 5(пет) секунди и контролерот влегува во режим на подесување и на екран покажува "vlez vo set mod". За излез од режимот на подесување не се притиска ништо во период од 8 секунди и автоматски контролерот се префрлува на нормален режим на работа.
На копчето LIST ги менуваме екраните:

1.Прв екран за избор на режим на работа (Manual/Auto).

0-Мануелен режим
1-Автоматски режим при 3 сензори-Auto

Со притискање на копчето SET се менува Manual/Auto а со LIST се излистуваат наредните екрани.

| ОЗНАКА | МОЖНИ ВРЕДНОСТИ | ФАБРИЧКИ ВРЕДНОСТИ | ОПИС |
|---|---|---|---|
| TK | | | Температура на соларен колектор |
| B1 | | | Температура на бојлер кај спирала бојлер1 |
| B2 | | | Температура на бојлер кај спирала бојлер2 |
| TB1diff | 2-10 | 4 | Разлика помеѓу бојлер и колектор за уклучување на пумпа солар + му се додава TsHist |
| TB1Hist | 2-8 | 4 | Хистерезис на пумпа солар |
| V1 | ON/OFF | | Електромагнетен/електромоторен вентил за соодветниот бојлер |
| TB2diff | 2-10 | 4 | Разлика помеѓу бојлер и колектор за уклучување на пумпа солар + му се додава TsHist |
| TB2Hist | 2-8 | 4 | Хистерезис на пумпа солар |
| V2 | ON/OFF | | Електромагнетен/електромоторен вентил за соодветниот бојлер |
| PUMPA | ON/OFF | | Пумпа |
| TKolektMin | 10-70 | 40 | Најмала температура на колекторот при која е дозволено уклучување на соларната пумпа |
| TAntiFrost | -40-10 | -30 | Под оваа температура пумпата се вклучува да не замрзни водата во системот |

**Напомена:** Контролерот е веќе подесен и нема потреба да се врши измена на веќе подесените вредности, но по желба може да се изменуваат параметрите на контролерот со влез во режимот на подесување.Сите поврзувања да се изведат според важечките норми и прописи за електрични инсталации и поврзувања на електрични апарати и уреди.